# ПАРАЛЕЛИ– МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ И СВЕТСКИТЕ ОБРАЗОВНИ ГИГАНТИ

*Даниела Димишковска*
*ООУ „Наум Охридски“, Булачани, Гази Баба, Скопје*
e-mail: ddimiskovska@gmail.com

Образовниот систем е вкупност од сите институции (и, секако, луѓето опфатени со нив) во кои се образува, се добива образование или се администрира образованието во државата. Од досегашните искуства се покажало дека образовниот систем во една држава е директен одраз на нејзината економска моќ, на политичката и социјалната ситуација во неа, како и одраз на културно-историските традиции и психолошките карактеристики на луѓето што живеат во неа. Со други зборови, образовниот систем е потсистем на државата и е во постојана интеракција со сите нејзини аспекти и жителите во неа.

Теоретичарите издвојуваат пет основни компоненти на секој образовен систем: цели на образовниот систем, управување на образовниот систем, финансирање на образовниот систем, структура на образовниот систем и подготовка на наставниот кадар.

Низ петте основни компоненти и математичкото образование, како шеста компонента, ќе биде направена споредба на образовните системи на Канада, Јапонија, Велика Британија, Полска, Холандија и Руската Федерација со образовниот систем на Република Македонија. Тие 6 држави се безмалку светски образовни гиганти и се меѓу најдобро рангираните според квалитетот на образовниот систем кој го имаат. Акцентот во споредбата ќе биде ставен на математичкото образование.